Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 30 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по наставниот предмет **руски јазик (втор странски јазик)** за **VIII (осмо)** одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# РУСКИ ЈАЗИК

**Втор стански јазик**

**за VIII (осмо) одделение**

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | **Руски јазик (втор странски јазик)** |
| **Тип на наставна програма** | **Задолжителна** |
| **Одделение** | **VIII (осмо)**<br><br>По **првата** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VI одделение) треба да се достигнат основни знаења од нивото А1.1 (подготвително ниво).<br><br>По **втората** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VII одделение) треба да се достигнат понапредни знаења од нивото А1.2 (основно ниво).<br><br>По **третата** година од учењето на рускиот јазик (VIII одделение) треба да се заокружат знаењата од нивото А1 (подготвително ниво) и да се достигнат основни знаења од нивото А2.1 (подготвително ниво).<br><br>По **четвртата** година од учењето на рускиот јазик (IX одделение), треба да се достигнат делумни знаења од нивото А2.2 (основно ниво).<br><br>Стекнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку резултатите од учењето во сите наставни програми за основно образование ( за VI, VII, VIII и IX одделение). |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | **2 / 72** |
| **Цели на наставната програма** | Ученикот / ученичката треба:<br>- стекне и да развие јазични, комуникациски, интеркултурни компетенции при изучување втор странски јазик;<br>- да развие способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да стекне елементарни навики и умееља за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие позитивен став кон рускиот јазик и култура, во рамките на посочените теми да се здобие со основни познавања за социокултурниот живот на своите врсници од овие култури, а преку споредба со нив да ги збогатува познавањата за сопствената култура и постоење;<br>- да развива способност за самостојно учење и самовреднување (според *Заедничката европска референтна рамка за јазици и Портфолио).* |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за осмо одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за осмо одделение на основното образование.<br>Се препорачува заради полесен визуелен контакт помеѓу ученици за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *руски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по руски јазик и литература - наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и книжевност - наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС.<br>- двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или 240 ЕКТС и<br>- студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими[1] | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Јас и другите[2]** | | | |
| <br>1.1.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>1.2. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално краток слушнат и/или пишан текст (искази) на тема карактерни особини;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>усно ги опишува своите | **Јазични функции:**<br>- Опишување карактерни особини свои или на други лица;<br><br>*Мой друг очень интересный и хороший человек.*<br>*Он очень умный и много знает.*<br>*Он любит читать книги.*<br>*Мне нравится общаться с ним.*<br>*Нина очень активная и добрая девушка.*<br>*Она хорошая подруга.*<br>*Она очень любит вечеринки и клубы*.<br><br>**Лексички единици:**<br>лексика која е поврзана со **к**арактерни особини (основни придавки);<br>*добрый, злой, активный, пассивный, умный, глупый, сильный, слабый, интересный, хороший, фантазёр, чувствительный, ленивый, трусливый, легкомысленный, нерешительный, трудолюбивый, весёлый, честный,* | **Активности:**<br><br>- бура на идеи;<br>- вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, врз основа на наслови, звук интонација, невербални елементи, наслови, илустрации, фотографии и други елементи карактеристични за различни видови текст итн.;<br>- слушање аудио/видео снимки и говор на наставникот;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- поврзување зборови, текстови со слики;<br>- подредување слушнати информации во табели;<br>- вежби со користење пантомима;<br>- подредување зборови, слики и сл., по логичен редослед;<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње улоги според дадени | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1. препознава поими и изрази поврзани со опис на карактер во слушнат и/или пишан текст (искази);<br>1.1.2. издвојува информации од слушнат/пишан текст за опишување карактерни особини (сопствени или на друго лице).<br>1.1.3. споредува карактерни особини на различни личности од слушнат/ пишан текст;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>1.2.1. набројува основни придавки за опишување карактерни |

[1] Содржините и поимите дадени во наставната програма се однесуваат на сите резултати од учењето.

[2] Насловите на темите се дадени согласно лексиката и јазичните функции. Тие може да бидат и поинаку формулирани, но материјата што се обработува останува иста.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | карактерни особини, како и карактерните особини на друго лице; | *скучный.*<br><br>**Граматички содржини:**<br>**Вопросительные местоимения**<br>*Какой, какая, какое, какие*<br>*Какой это человек?*<br>*Какой у нее характер?*<br><br>**Имя прилагательное**<br>**-превосходная степень**<br>**Простая форма**<br>*хороший-лучший*<br>*плохой- худший*<br>*высокий-высочайший*<br>*маленький-наименьший*<br>*низкий-нижайший*<br>*строжайший*<br>*величайший*<br>*способнейший*<br>*крупнейший*<br><br>**Сложная форма**<br>*самый большой*<br>*самый сильный*<br>*самая быстрая*<br>*самое умное*<br><br>**Краткие формы прилагательных**<br>*счастлив, счастлива, счастливо, счастливы*<br>*доволен, довольна, довольно, довольны*<br><br>**Склонение возвратного местоимения себя**<br>*Он не заботится о себе.* | модели;<br>- учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот;<br>- опишување според слики, видео материјали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности ;<br>- правописни вежби (диктат);<br>- довршување реченици;<br>- пополнување реченици, текстови со испуштени зборови;<br>- пишување краток едноставен состав според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- составување дијалози по дадена тема;<br>- самостојна/групна изработка на постер или презентации со помош на ИКТ и сл.<br><br>**Методи:**<br>- *вербални методи:* дијалошки, или метод на разговор (игра по улоги),монолошки метод на изложување на содржините (опишување, објаснување);<br>- *документациски методи*: аудио-визуелни извори на информации, пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација); | особини;<br>1.2.2. применува новоусвоени изрази и поими;<br>1.2.3. поставува и одговара на прашања правилно употребувајќи ја новата лексика;<br>1.2.4. составува искази во кои ги опишува усно своите и карактерните особини на друго лице од своето блиско опкружување; |
| 1.3. | писмено ги опишува своите карактерни особини или карактерните особини на друго лице. | | | 1.3.1. пишува едноставни реченици, со опис на карактерни особини на лица;<br>1.3.2.пишува кратко неформално писмо (смс, електронско писмо) со опис на физички карактеристики;<br>1.3.3. составува краток текст за опишување на сопствените карактерни особини или за карактерните особини на друго лице од своето блиско опкружување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Он недоволен собой.*<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Разликите и сличностите во националниот менталитет на рускиот и на македонскиот народ. | - *демонстрациски методи:* пуштање аудио и видео снимки, претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување слики, цртежи и сл.;<br>- *набљудувачко-истражувачки методи:* набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- *операциски методи:* метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмено изразување);<br>- *метод на работа со компјутерска технологија*: пребарување, прикажување. | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **Секојдневен живот** | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално кратки слушнати искази за купување, нарачување и плаќање храна и пијалаци; | **Јазични функции:**<br>Нарачување и плаќање (барање сметка) храна / пијалаци во ресторан, кафуле:<br><br>*Мы будем ужинать в ресторане.*<br>*Вы готовы заказать?*<br>*Какие соусы у вас есть?* | **Активности:**<br><br>- бура на идеи;<br>- вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, врз основа на наслови, звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови, илустрации, | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1. идентификува поими и изрази што означуваат храна, пијалаци;<br>2.1.2. издвојува поими и изрази кои се употребуваат при купување, плаќање во ресторан или продавница; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2.<br><br>2.3. | оствари комуникација во продавница, ресторан, кафуле;<br><br>пишува краток текст на зададена тема. | *Я буду пить кофе с молоком.*<br>*Что-нибудь ещё?*<br>*Я люблю блины со сметаной.*<br>*Это блюдо с морковью?*<br>*Мы будем есть пиццу с овощами.*<br>*Я люблю суп, рис, рыбу и чай.*<br>*Спасибо за заказ !*<br>*Принесите счёт, пожалуйста?*<br><br>Барање/давање информации при купување во продавница за храна:<br><br>- *Дайте, пожалуйста, батон и полкило чёрного хлеба.*<br>-*Возьмите и две булочки. Только что их привезли.*<br>- *Хорошо, я возьму булочки.*<br>- *Сколько стоит?*<br>- *С вас 5 рублей 25 копеек.*<br>- *Касса справа.*<br><br>Облека (големина, бои, броеви, количина, цена)<br>*Покажите, пожалуйста, эту блузку.*<br>*Вы продаёте тёплые свитеры?*<br>*Все свитеры стоят 2000 рублей.*<br>*В магазине есть разные размеры.*<br>*Вам нужно купить новый свитер.*<br>*Ваш размер 40.*<br>*Извините, вы можете мне помочь?*<br>*Я могу вам помочь?*<br>*Сколько стоит этот свитер?*<br>*Одна тысяча девятьсот девяносто девять рублей.*<br>*Это очень дорого.*<br>*Какой у вас размер?* | фотографии и други елементи карактеристични за различни видови текст итн.;<br>- слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- одговорање на прашања од типот *точно/неточно*<br>- подредување на слушнати информации во табели;<br>- подредување зборови, слики и сл., по логичен редослед;<br>- поврзување слики со слушнат текст;<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње на улоги според дадени модели;<br>- учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот;<br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности од типот: расипан телефон, бинго и сл.<br>- пишување по диктат;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- пополнување реченици, текстови | 2.1.3. поврзува текст со слики поврзани со храна и пијалаци;<br>2.1.4. правилно ја употребува новата лексика во едноставни дијалози.<br><br>2.2.1. правилно реагира на вербални упатства и обраќања;<br>2.2.2. поставува и одговара на прашања во краток дијалог; 2.2.3. применува новоусвоена лексика и изрази при купување, нарачување и сл.<br><br>2.3.1. пополнува табела, формулар или анкета за своето омилено јадење, облека, пијалак и сл.;<br>2.3.2. пишува одговори на прашањата од конкретната тема;<br>2.3.3. пишува едноставен текст со примена на новата лексика од конкретната тема. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Лексички единици:**<br>Лексика која е поврзана со храна и пијалаци;<br>*Десерт, блины, пирог, печенье, карамель, шоколад, соль, сахар, мёд, сметана, лимон, чай, йогурт, сок, кофе*<br><br>Продавници;<br>*магазин (хлебный, кондитерский, молочный, мясной, рыбный), булочная, рынок, универмаг, кондитерская*<br><br>Основни поими во ресторан;<br>*официант/официантка, меню, счёт, блюдо, заказ, кафе, выбор, закуска, на первое, на второе, приятного аппетита*<br><br>Прибор за јадење (основни поими)<br>*стакан, ложки, вилки, ножи, салфетки, бутылка, тарелка*<br><br>Облека<br>*брюки,джинсы, костюм, юбка, платье, рубашка, свитер, футболка, шапка, куртка, пальто*<br><br>**Граматички содржини:**<br><br>**Односложные глаголы при образовании настоящего времени**<br>Бить, пить, лить, шить<br><br>**Глагол *есть* (кушать) при образовании настоящего времени** | со испуштени зборови;<br>- пишување пораки и електронски пораки;<br>-составува дијалози на зададени ситуации<br>- пишување краток едноставен состав според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>- групна изработка на постер;<br>- самостојна изработка на тематски постери и сл.<br><br>**Методи:**<br>- *вербални методи:* дијалошки, или метод на разговор (игра по улоги),монолошки метод на изложување на содржините (опишување, објаснување);<br>- *документациски методи*: аудио-визуелни извори на информации, пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- *демонстрациски методи:* пуштање аудио и видео снимки, претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување слики, цртежи и сл.;<br>- *набљудувачко-истражувачки методи:* набљудување, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Местоимения в сочетании с словами: *нужно, надо* и *нравится***<br>*Мне нравится пицца и салат.*<br>*Мне надо пить воду.*<br>*Вам нужно купить помидоры, огурцы, перец и лук.*<br>*Вам надо есть фрукты.*<br>*Им не нравится пицца.*<br><br>**Определительное местоимение** весь, вся, всё, все<br><br>**Наречия меры и степени**<br>много, мало, несколько, совсем, очень, достаточно, вдвое<br><br>**Повелительное наклонение**<br>*Закажи(те) сок!*<br>*Положи (те) хлеб на стол!*<br>*Принеси(те), пожалуйста, меню!*<br>*Пожалуйста, принеси(те) счёт!*<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Да стекнат знаења за социокултурниот живот на нивните врсници во Русија. | забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- *операциски методи:* метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмено изразување);<br>- *метод на работа со компјутерска технологија*: пребарување, прикажување. | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| | **Слободно време** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Јазични функции**<br><br>Честитање роденден, празник и | **Активности:**<br>- бура на идеи;<br>- вежби за асоцијации; | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1.1. препознава поими кои се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | разбира глобално и детално краток слушнат и/или пишан текст во врска со обичаи и традиции поврзани со празници или значајни настани; | значаен настан;<br>Реакција на добиена честитка (заблагодарување);<br>Опишување подготовка на омилено јадење.<br>*С днём рождения!*<br>*Поздравляю с днем рождения!*<br>*Желаю здоровья, успехов,счастья;*<br>*С Новым годом! С новым счастьем!*<br>*С 8 марта!*<br>*Добро пожаловать!*<br>*С приездом!*<br>*Хочу пожелать тебе всего самого-самого лучшего! !*<br>- *Желаю тебе/вам всего хорошего!*<br>- *И тебе/вам всего хорошего!* | - вежби за правење претпоставки, врз основа на наслови, звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови, илустрации, фотографии и други елементи карактеристични за различни видови текст итн.;<br>- слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- одговорање на прашања од типот *точно/неточно*<br>- подредување на слушнати информации во табели; | поврзани со одбележувањето на празници, родендени и слични настани;<br>3.1.2. правилно одговара на прашања во едноставни дијалози употребувајќи ја новата лексика;<br>3.1.3. селектира детални информацци при одбележување на обичај и настан. |
| 3.2. | честита роденден, празник, усно и во порака | **Лексички единици**<br>лексика поврзана со:<br>- празници, родендени, значајни настани;<br>- подговтовка на храна (традиционални јадења и рецепти);<br>*Любите ли вы праздники?* | - подредување зборови, слики и сл., по логичен редослед;<br>- поврзување слики со слушнат текст;<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње на улоги според дадени модели; | 3.2.1. употребува ново усвоени изрази за честитање;<br>3.2.2. заблагодарува и возвраќа, усно, на честитка;<br>3.2.3. пишува честитка/порака за роденден/празник. |
| 3.3. | пишува краток едноставен текст за своето омилено јадење и начин на подготовка на одредено јадење; | *Во время праздников люди отдыхают, развлекаются, ходят друг к другу в гости.*<br>*Что это такое МЕНЮ?*<br>*МЕНЮ это подбор блюд для завтрака, обеда, ужина.*<br>*Что должно включать в себя праздничное меню?* | - учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот;<br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази; | 3.3.1. набројува потребни состојки, продукти за пдготовка на јадење;<br>3.3.2. составува едноставни искази со употреба на новата лексика;<br>3.3.3. пишува рецепт за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. | пишува краток едноставен текст со покана за настан; | *Какие блюда подают на праздничный стол?*<br><br>**Граматички содржини:**<br><br>**Предлог с (со) с творительным падежом**<br>*С Новым годом!*<br>*С праздником!*<br><br>**Наречия времени**<br>*летом, зимой, весной, после, сейчас, иногда, вчера, завтра, ежедневно, всегда;*<br><br>**Наречия места**<br>*здесь, там, туда, близко, низко, далеко;*<br><br>**Спряжение глаголов**<br>*желать, поздравлять, отмечать, праздновать;*<br>*получить/отправить*<br><br>**Имя числительное**<br>- обозначение дат<br>- обозначение возраста<br>*Приглашаю тебя 12-того октября в 8 часов вечера на день рождения!*<br>*Поздравляю тебя с четырнадцатилетием!*<br><br>**Интеркултурни содржини:** | - вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности од типот: расипан телефон, бинго и сл.<br>- пишување по диктат;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- пополнување реченици, текстови со испуштени зборови;<br>- пишување пораки и електронски пораки;<br>- пишување краток едноставен состав според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>- групна изработка на постер;<br>- самостојна изработка на тематски постери и сл.<br>**Методи:**<br>- *вербални методи:* дијалошки или метод на разговор (игра по улоги),монолошки метод на изложување на содржините (опишување, раскажување, објаснување);<br>- *документациски методи*: аудио-визуелни извори на информации, пишан извор на информација (работа на текст, | подготовка на своето омилено јадење.<br><br>3.4.1. пополнува празнини во покана употребувајќи ја новата лексика;<br>3.4.2. составува неформална покана со информации за време, ден, место на настанот;<br>3.4.3. пишува формална покана за настан. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Разликите и сличностите на културата и традицијата во Македонија и Русија. Да развијат позитивен став како за сопствената така и за другите култури. | метод на читање, метод на интерпретација);<br>- *демонстрациски методи:* пуштање на аудио и видео снимки, претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување на слики, цртежи;<br>- *набљудувачко-истражувачки методи:* набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- *операциски методи:* метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување); | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и за негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките за проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот/ученичката, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат од групата при проверката на |

| | |
|---|---|
| | усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба да бидат однапред запознаени со критериумите и со начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми може да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработката на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на осмото одделение, учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Дидактички препораки** | Целта на овие дидактички препораки е да му/ ѝ помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на дидактиката и методиката на наставата по странски јазици, педагогијата и психологијата, т.е. позитивни домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на рускиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.<br>Во планирањето на наставата за осмо одделение се земени предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во ова одделение, односно се почитува принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините, со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.<br>Во фокусот на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот/наставничката не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување знаења. Неговата/нејзината улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.<br>При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички), на различните видови интелигенција (вербално-јазична, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно-просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.<br>Треба да се има предвид дека применувањето различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална или работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и алтернативната примена на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периоди на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.<br>Наставата по руски јазик треба да се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните |

| | |
|---|---|
| | и моторните аспекти на учениците со што наставникот ќе ги интегрира различните компоненти , а јазикот ќе се учи на функционален начин. Согласно горенаведеното, во наставата по странски јазик не може да се определи, односно не е можно да се планира точниот бројот на часовите за одделни компоненти од наставната програма.<br>Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: *слушање* и *читање* со разбирање, *зборување*, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината *пишување*.<br>Наставникот/наставничката треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по руски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.<br>Од наведеното произлегува дека наставникот/наставничката треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата. Наставникот/наставничката треба да ги запознава учениците со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.<br>Од наставникот/наставничката се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење. |
| **Литература и други извори** | **Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење.** |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-1748/3**<br>**30.1.2020 година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| | |